Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 21.10.2023

На 20.10.2023 по пресмени мерки и активности од страна на полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи во координација со полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Тетово, извршен е претрес на дом и други простории кај лицата А.Џ.(25) и Ф.Џ.(26) двајцата од Мала Речица, при што биле пронајдени еден пиштол „Застава" кал. 7,62мм со една рамка со два куршума, еден пиштол „Зораки" 917-Т со рамка без муниција, 23 куршуми разновиден вид и калибри, 35 куршуми кал. 7,62мм, една кеса со марихуана, една дигитална вага и други предмети со остатоци од бела прашкаста материја. Во координација на јавен обвинител, против лицата ќе биде поднесена кривична пријава по член 215 и 396 од Кривичниот законик.

На 20.10.2023 во 17.40 часот на ул.„22 Декември" во Пехчево Оперативен тим Потраги го лиши од слобода Н.Б.(37) од Велес. За него била распишана централна потерница по добиена судска наредба од Основен кривичен суд Скопје. Тој е осуден на казна затвор во времетраење од една и пол година за сторено кривично дело „тешка кражба", по член 236 од Кривичниот законик. Н.Б. ќе биде спроведен во казнено-поправна установа за издржување на казната.

Претрес во Кичево, пронајдена дрога На 20.10.2023 во 14.40 часот од страна на полициски службеници од ОВР Кичево бил лишен од слобода В.С.(19) од Кичево. При претрес во дом и помошни простории каде привремено престојува В.С., извршен со наредба од Основен суд Кичево, биле пронајдени марихуана, дробилка со остатоци од марихуана, курири и други предмети со остатоци од марихуана. Поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори", како и кривично дело „недозволено изработување, држење и трговење со оружје или експлозивни материјали", лицето е приведено и задржано во ОВР Кичево, а по документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Денеска (21.10.2023) во 02.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Б.(41) од Р.Хрватска и Н.Ј.(44) од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (21.10.2023) во 02.40 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.А.(18) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.10.2023 во 14.10 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.Џ.(40) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.10.2023 во 22.45 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.Д.(45) од Свети Николе, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.10.2023 во 22.00 часот на Средно Водно, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.З.(27) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.10.2023 во 09.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром" - Скопје, на влез во држава, при извршени проверки на Б.А.С.(28) и Н.Б.(40), двајцата од Индија, било констатирано дека кипарските дозволи за престој што ги дале на увид биле фалсифицувани. По извршен преглед кај нив биле пронајдени дополнителни две кипарски дозволи со измината важност. Со нив бил извршен службен разговор во кој изјавиле дека дозволите ги купиле од лице во Р.Турција за сума од 1.900 евра. Двете лица биле приведени од полициски службеници и по насока од јавен обвинител биле пренесени во Прифатниот центар за странци за понатамошна постапка.

Денеска (21.10.2023) во 03.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром" - Скопје, на излез од држава, при извршена контрола на А.С.(25) од Р.Косово, која била со малолетно лице, тие на увид дала словенечки патни исправи за кои било утврдено дека биле фалсифицувани. При извршен преглед кај неа биле пронајдени две косовски патни исправи и една косовска лична карта со нивните вистински податоци. Со нив бил извршен службен разговор во кој изјавила дека словенечките патни исправи ги купила од едно лице во Косово за сума од 10.000 евра. Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа", таа била лишена од слобода и предадена на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 20.10.2023 во 13.20 часот било пријавено дека во Прилеп, на ул.„Народен херој Орде Чопела", мотоцикл „кимко" управуван од Љ.П.(44) од Прилеп удрил во заден дел од товарно моторно возило „ман" со прилепски регистарски ознаки, паркирано од Р.П. (43) од Прилеп. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, по што бил пренесен во Градската болница Прилеп, каде им подлегнал на повредите. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 20.10.2023 во 21.07 часот било пријавено дека во Тетово на ул.„29 Ноември" кај крстосницата со бул.„Благоја Тоска", патничко возило „голф" удрило во велосипед управуван од Л.Л.(40) од Тетово, и го напуштило местото. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, констатирани во Клиничката болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.10.2023 во 18.55 часот било пријавено дека во Кавадарци, на кружната крстосница од ул.„Западен булевар" и ул.„Моша Пијаде", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „пежо" со неготински регистарски ознаки, управувано од С.В.(71) од с.Криволак, неготинско и патничко возило „шкода" со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.Л.(30) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката од возилото „пежо", С.В.(76) од с.Криволак, констатирани во Општата болница Кавадарци. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 20.10.2023 во 08.15 часот во Полициската станица Кисела Вода, Љ.П.(61) од Скопје пријавил дека на ул.„Мариовска" бил каснат од куче скитник.

На 20.10.2023 во 10.00 часот било пријавено дека на ул.„Јоска Јорданоски"во Прилеп, С.М.(50) од Прилеп кој управувал електричен тротинет паднал на коловозот. Во несреќата тој се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 20.10.2023 во 11.35 часот во Полициската станица Гази Баба, М.Г.(62) од Скопје пријавила дека на ул.„Архимедова" била касната од куче скитник.

На 20.10.2023 во 22.40 часот во Охрид полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода К.Н.(30) од Охрид, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.10.2023 во периодот од 12.00 до 16.00 часот, полициски службеници од СВР Тетово извршиле контрола во деловно-трговски објект во Тетово, што го управувал В.А. (45) од с.Здуње, гостиварско. При контролата биле пронајдени и одземени 5 лаптоп компјутери и 19 други компјутери за кои В.А. не поседувал потребни документи. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.10.2023 од страна на полициски службеници од ОВР Прилеп, со наредба од Основен суд
Прилеп, извршен е претрес во домот и други простории во Прилеп и во с.Славеј, каде живее и ги користи Д.Т.(32). При претресот биле пронајдени и одземени оружје за сигнализација марка „Екол" модел „Фират Магнум" кал.9мм. По комплетно расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Б. (23) од Косово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 09.06.2023 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед во патничко возило „мерцедес", во кое бил пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 20.10.2023 во 16.50 часот во СВР Скопје 49-годишна жена пријавила дека на подрачјето на Бит Пазар била нападната со тврд предмет од непознат браќен партнер М.В.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.10.2023 во 16.30 часот во СВР Скопје М.П.(47) од Скопје пријавила дека околу 15.50 часот на подрачјето на Карпош, во автобус на ЈСП, била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.10.2023 во 20.20 часот во СВР Скопје М.К.(46) од с.Ржаничино, скопско пријавил дека околу 19.30 часот во селото бил физички нападнат од Д.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.10.2023 во 20.40 часот во СВР Скопје С.Р.(50) од Скопје пријавил дека пред основно училиште на подрачјето на Шуто Оризари, неговиот малолетен син и неговиот другар биле физички нападнати од повеќе деца на возраст од 10 до 18 години. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.10.2023 во 11.15 часот Р.А.(23) од Прилеп пријавил дека на 19.10.2023 околу 22.00 часот во Прилеп бил физички нападнат од Б.И. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против Д.А.(32) од Република Србија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 30.09.2023 на наплатна рампа кај с.Смоквица, полициски службеници го забележале пријавениот како со возило „ауди а3" превезувал осум лица мигранти од Сирија. Тој со возилото не застанал на знак за запирање, но набргу на бензинска пумпа ги симнал мигрантите од возилото.

На 20.10.2023 во 09.50 часот Ш.О.(23) од Битола пријавил дека околу 07.30 часот во Битола, по претходна расправија, бил нападнат со остар предмет од неговиот брат Ј.О. (26). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.10.2023 во 21.00 часот А.Ш.(42) од Прилеп пријавил дека околу 20.00 часот во Прилеп бил физички нападнат од С.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.10.2023 во 20.30 часот во Ресен, полициски службеници од Полициската станица Ресен ги лишиле од слобода А.М.(42) и Ј.Р.(31), двајцата од Ресен, поради тоа што со тврд предмет нападнале полициски службеник, кој во моментот не бил на работа, но претходно, при преземање на службени дејствија, ги затекнал приврзаните како вршат кривично дело - нелегален транспорт на дрва. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.10.2023 во 23.50 часот во Битола полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Д.М.(39) од Битола, поради тоа што околу 21.00 часот физичка ја нападнал неговата 41-годишна поранешна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (21.10.2023) во 03.00 часот Т.П.(33) од Росоман пријавил дека околу 02.30 часот во угостителски објект во Кавадарци, тој и неговиот другар Н.Д. биле физички нападнати од Б.С., М.Ѓ. и Д.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.10.2023 во 20.22 часот С.М.(39) од Кочани пријавил дека околу 20.00 часот во Кочани бил физички нападнат од Д.Т.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.10.2023 во 21.30 часот С.В.(54) од Гевгелија пријавил дека околу 20.30 часот во Гевгелија бил физички нападнат од Л.П.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.10.2023 во 15.25 часот Е.М.(34) од Кочани пријавил дека на 12.10.2023 околу 18.00 часот во Кочани, по претходно случена сообраќајна незгода, бил физички нападнат од Џ.И.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.10.2023 во 13.00 часот во с.Желино, тетовско од полициски службеници од СВР Тетово биле лишени од слобода малолетник од с.Копачиндол, тетовско и малолетничка од с.Добарце, тетовско, поради тоа што околу 12.00 часот во Тетово со патничко возило „Ниа" без регистарски ознаки, кое го управувало малолетникот, не застанале на даден знак за запирање од полициски службеник и се обиделе да го прегазат. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Ш.Д.(35) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 14.03.2023 во Кичево било сопрено патничко возило „фолксваген пасат", управувано од приврзаниот, и при извршен преглед, била пронајдена и одземена марихуана.

На 20.10.2023 во 19.50 часот И.П.(18) од Тетово пријавил дека околу 19.05 часот во „Жена парк" во Тетово бил физички нападнат од едно лице. Се презеемаат мерки за расчистување на случајот.